19

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено: / E pranuar: 06-07-2020
Орг.Един. / Njësia Org. | Број: / Numër: 25-15/2 | Прилог: / Shtojcë: / | Вредност: / Vlerë: /

**Влада на Република Северна Македонија**

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

**"Центар за промоција на земјоделски практики и рурален развој"- ЦеПроСАРД**

(Име на здружението/ фондацијата)

# ЗАВРШЕН ОПИСЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

Чиста Енергија за чист воздух

(Име на проектот)

Скопје, 30.06.2020 година
(Место) (датум)

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на договор за обезбедување финансиска поддршка | 29-198/2 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | "Центар за промоција на земјоделски практики и рурален развој"- ЦеПроСАРД |
| Наслов на проектот | Чиста енергија за чист воздух |
| Период на спроведување на проектот | од 18.06.2020 година до 18.04.2020, со продолжување на активностите поради ситуацијата со КОВИД-19 вирусот |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Светлана Петровска |
| Проектен менаџер | Теа Тевева |
| Телефон и е-пошта за контакт | Тел. + 389 2 3061 391 Моб. 077 632 838<br>E-mail: info@ceprosard.org.mk; tea.teveva@ceprosard.org.mk |
| Цел на проектот | Скопскиот Плански Регион (СПР) да се развие на одржлив начин со примена на најдобрите практики за зачувување на животната средина со фокус на намалување на аерозагадувањето, преку развивање на одржливи практики за спроведување на енергетска ефикасност на објекти и користење на чиста енергија и обновливи извори на енергија да придонесе за создавање на квалитетна и здрава животна околина за идните генерации. |
| Целна група | - Населението на Скопскиот плански регион, жителите на градот Скопје и македонската јавност;<br>- Македонските и европските институции за заштита на животната средина;<br>- Локалните и националните авторитети |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Градот Скопје, Скопскиот плански регион<br>Општина Шуто Оризари, Општина Карпош и Општина Бутел како дел од Градот Скопје и Скопскиот Плански Регион |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 636.365,10 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 632.673,00 ден. |

## 2. Резиме - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот.
(Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

Предложените проектни активности на проектот "Чиста енергија за чист воздух" имаа за цел да овозможат зголемување на јавната свест и едукација на населението од областа на животната средина со фокус кон намалување на аерозагадувањето. Проектните активности беа распределени во времетраење од 6 месеци со меѓусебна кохерентност и следственост. Активностите вклучија чинители од креаторите на политики на национално ниво, локалната самоуправа, граѓанскиот и бизнис секторот, како и образовниот сектор – мапираните средни училишта на територијата на СПР и високо образовните институции кои заеднички соработуваа во текот на проектната имплементација и дадоа свој инпут за реализирање на проектните цели. Иако проектната имплементација се одвиваше во период на промена во општественото функционирање поради пандемијата со КОВИД-19 вирусот, проектот ги оствари запишаните предвидени цели и со своите акции придонесе кон подигнувањето на свесноста кај

граѓаните за подобрување на амбиенталниот воздух со превземање на конкретни чекори кои ќе резултираат со трајни придобивки – преку користење современи модели на комуникација, спроведување едукација и настава во образовниот сектор на темата на аерозагадувањето, преку вмрежувањето на главните чинители и потпишување меморандуми за соработка и одржување на Тркалезна Маса на која беа детално дискутирани проблематиките низ призмата на различните стеикхолдери – проектниот тим препораките ги употреби во креирање и публикација на Водич за чиста енергија.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**
Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| **Активност А1** – Формирање на тим за реализација на проектот | Проектниот тим беше назначен на старт на проектот и во првиот месец од проектната имплементација изработи неколку клучни документи за старт на истиот – како детален план на активности и план за воведување во работата на сите клучни чинители. Беше извршено мапирање на сите клучни чинители во проектот со фокус на Скопскиот Плански Регион (СПР) Беа реализирани работни средби со раководните тимови од трите таргетирани општини (Бутел, Шуто Оризари и Карпош) и беа контактирани средни училишта од Скопскиот Плански Регион (СПР) со цел нивно вклучување во проектите активности. Беа изготвени 10 темплејт меморандуми за соработка на ЗГ ЦеПроСАРД со клучните чинители. | 18 октомври – 18 ноември | Изготвен 1 Детален план на активности<br><br>Изготвени темплејт меморандум, PPT презентации и останати документи за проектните потреби<br><br>Изготвен документ со мапирани релевантни чинители на територија на СПР: институции и општини, средни училишта и граѓански организации од областа на животната средина<br><br>Работна средба во општина Шуто Оризари (12.11.2019)<br>Работна средба во општина Карпош (20.11.2019)<br>Работна средба во општина Бутел (25.11.2019)<br>3 Записници од состаноците од остварените средби со Општините<br><br>Креирани 10 темплејт меморандуми за соработка со цел да се развијат идни заеднички активности меѓу клучните чинители |


Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
Одделение за соработка со невладини организации во Генералниот секретаријат

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Активност А2** – Спроведување на Тркалезна маса *„Состојби, предизвици и перспективи за решавање на проблемите со аерозагадувањето во СПР - Предлози"* | Целта на тркалезната маса беше анализа на актуелните состојби и предизвиците во решавањето на проблемот со аерозагадувањето во СПР преку подобрување на енергетската ефикасност (ЕЕ) на објектите и искористување на обновливите извори на енергија (ОИЕ); идентификување на можностите за имплементација на истите во резиденцијалниот сектор; дискусија за мотивирање на граѓаните на СПР да ја подобрат енергетската ефикасност во домовите и да воведат користење на „чиста енергија" за затоплување и остварување на секојдневните потреби во домовите. Проектниот тим изврши истражување на пазарот за спроведување набавка за соодветна сала за настанот, со освежување на учесниите. На настанот кој беше организиран на 16 јануари 2020 година во Хотел Карпош учество земаа 34 учесници меѓу кои градоначалникот на о.Карпош Стефан Богоев, Ана Петровска - Државен секретар - МЖСП, директорот на Агенција за енергетика Нехри Емрула, како и претставници од вклучените општини, претставници од МЖСПП, наставен кадар од идентификуваните средни училишта, претставниците од граѓанскиот сектор кои работат во СПР, факултетот за Шумарство, претставници од Агенција за Енергетика на РСМ, експерти од областа и претставници од бизнис секторот. | 2 и 3 месец (18 ноември – 18 јануари) | Список на учесници – вкупно 34 учесници на Тркалезната маса;<br><br>Презентации од учесниците на настанот;<br><br>Објава до Медиуми;<br><br>Агенда за Тркалезна Маса;<br><br>Покана за Тркалезна Маса;<br><br>Записник (МоМ) од Тркалезната маса;<br><br>Фотографии од настанот;<br><br>Видео запис од целиот настан;<br><br>Медиумски објави од локални и национални медиуми за Тркалезната маса;<br><br>Објава на веб сајтот на организацијата, Facebook фан страницата, како и Е-Билтенот на организацијата и таргет општините |
| **Активност А3** - Изработката на Водич *„Чиста енергија за чист воздух"* | Целта на активноста е да допринесе за развивање на кампања за подобрување на ЕЕ и користење на ОИЕ за задоволување на потребите од енергија во резиденцијалните објекти, со цел намалување на аерозагадувањето. По направената анализа на заклучоците и препораките кои произлегоа од одржаната Тркалезна Маса одржана на 16ти јануари, проектниот тим ги пренесе во писмена форма до ангажираниот консултант кој ја подготви содржината на Водичот. Проектниот тим извади CIP и ISBN броеви за публикацијата од Националната Библиотека. За изработка на | 4 и 5 месец (18 јануари – 18 март) | Документ – заклучоци и препораки кои треба да бидат дел од содржината на Водичот Документ – Водич Чиста Енергија за чист воздух, изработен на македонски и албански јазик<br><br>Испечатен Водич во 150 примероци (100 на македонски јазик и 50 на албански јазик) и доставен до клучните чинители и соработници во проектот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Водичот кој содржи 30 страници и е испечатен во 150 примероци (100 на македонски јазик и 50 на албански јазик) проектниот тим ангажираше компанија која работеше на неговиот дизајн и печатење на истиот . За превод на албански јазик беше извршена постапка за набавка на преведувачко биро. Примероци од Водичот беа доставен до трите општини мапирани во проектот и средните училишта, како и останати релевантни институции поради одложување на физички Завршен настан по проектот поради ситуацијата со КОВИД-19 вирусот. Документот е поставен за превземање и преглед на веб страната на организацијата. | | Поставен документ - Водич на веб страницата на ЦеПроСАРД |
| **Активност А4 -** Спроведување на настава со часови за намалување на аерозагадувањето преку подобрување на ЕЕ и користење на ОИЕ во три средни училиштата во СПР. | Активноста има за цел едукација за користење на чиста енергија на учениците од средните училишта кои се членови на постоечки домаќинства и идни основачи на сопствени домаќинства, а со тоа се целна група која е од особена важност и значење за пренесување на знаењето и значењето на чистата енергија за обезбедување на чист воздух. Проектниот тим мапираше средни училишта на територијата на град Скопје и беше контактирано со 3 од истите. Планираните едукативни часови за одржлив развој со фокус на аерозагадувањето, користејќи притоа интегриран пристап и современи методи и форми на настава беа реализирани во текот на 5тиот и 6тиот месец од проектната имплементација. Проектниот тим во соработка со средните училишта одреди термини за спроведување на едукативни часови за одржлив развој со фокус на аерозагадувањето за кои беше ангажиран експерт од областа на животната средина, но поради настанатата ситуација со КОВИД-19 вирусот и владината одлука за прекин на наставата во сите образовни институции, во комуникација со директорите на училиштата, по одреден временски период со цел адаптација процесот на работа на наставниците и држење на наставата – беа спроведени во текот на месец април 2020 преку дигиталната платформа ZOOM. | 5 и 6 месец (18 март – 18 април) | Мапирање и избор средни училишта на територија на град Скопје<br><br>Одржани три дигитални интерактивни часови заедно со предметните наставници за намалување на аерозагадувањето преку подобрување на ЕЕ и користење на ОИЕ во три средни училишта: СУГС Шаип Јусуф, Скопје; СГГУ на Град Скопје „Здравко Цветковски" и СЕТУГС „Михајло Пупин"<br><br>Фотографии од настанот;<br><br>Видео запис од одржана обука;<br><br>Објава на веб сајтот на организацијата, Facebook фан страницата, како и Е-Билтенот на организацијата |
| **Активност А5 -** | Со помош на систематска комуникација | Декември – | 1 изработен документ - |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Спроведување на кампања „Чиста енергија за чист воздух" со користење на инструментите на дигиталниот маркетинг | и примена на дигитален маркетинг пристап во процесот на информирање на целната таргет група, за реализација на кампањата проектниот тим во првиот месец од имплементацијата изврши набавка на маркетинг експерт кој започна со подготвување на 2 документи – Маркетинг план и План за комуникација и видливост на проектните цели, како и креирање на содржина за дигитална кампања која ќе трае до крајот на имплементацијата на проектот на социјалните медиуми, каде преку различни видови на интерактивни и едукативни промотивни постови, видеа и стратешки пристап на социјалните медиуми, ќе се работи на подигање на свеста и едукација на граѓаните во областа на аерозагадувањето, нивно инволвирање во процесите за заштитата на животната средина преку подобрена енергетска ефикасност во домовите и користење на обновливи извори на енергија за греење, како и промоција на проектните активности. | јуни | план за активностите поврзани со зголемување на свеста за аерозагадување на жителите на Скопскиот плански регион;<br><br>1 документ - план за комуникација и видливост на проектните цели;<br><br>Интерактивен материјал и содржина за дигитална кампања на социјалните медиуми под мотото "Чиста енергија за чист воздух" на Facebook фан страницата на ЦеПроСАРД |
| **Активност А6:** Организација на завршен настан | Завршниот настан во консултација со назначениот мониторинг службеник, поради моменталната пандемија и ситуацијата со Коронавирусот во државата кои го променија начинот на работа и функционирање и неминовно наложуваа период на адаптација - проектниот тим не го одржа во 6 месец од проектната имплементација поради мерките на државата. Клучните чинители кои беше предвидено да се поканети за решавање на проблемот со аерозагадувањето и примената на ЕЕ и ОИЕ во државата; претставници од институциите, локалната самоуправа, училиштата вклучени во проектот и ГО, проектниот тим ги контактираше за спроведување на онлајн Завршен настан преку ZOOM платформата, се одржа на 14 мај 2020 година. Проектниот тим изнајми продукциска организација за дигитална реализација на Завршниот настан (Анкета на претставниците од локалната самоуправа, жители во | Април 2020 – јуни 2020 | Дигитален приказ на учесниците од настанот (23 учесници)<br><br>Презентации од учесниците на настанот;<br><br>Објава до Медиуми;<br><br>Агенда за Завршен настан;<br><br>Покана за Завршен настан;<br><br>Фотографии од настанот;<br><br>Видео запис од Завршната конференција<br><br>10 потпишани Меморандуми за соработка за нови заеднички активности од областа на аерозагадувањето во СПР |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | таргет општините, изработка и монтажа на видео материјал од Завршната онлајн конференција како и техничка поддршка на истата). Во меѓувреме, проектниот тим работеше на добивање на Меморандумите за идна соработка и вмрежување на чинителите кои иницијално беше предвидено да се потпишат на Завршниот настан. На настанот се промовираа проектните резултати, а целта е да послужи како пример за поттикне на нови заеднички активности од областа на аерозагадувањето во иднина. | | |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Имплементацијата на проектот се одвиваше во време на прогресот на пандемијата со КОВИД-19 вирусот, воведување на рестриктивни мерки за работа и целосно функционирање на граѓаните во време на вонредна состобја во државата, поради што неколку активности беа реализирани со одредена модификација и продолжување на временската рамка на истите, но без импликација на иницијалните проектни резултати. Промените влијаеа само на временскиот период на спроведување на активностите беа направени по официјална комуникација и информираност на назначениот мониторинг службеник на проектот.

Афектирани активности :

**Активност А3 -** Изработката на Водич „Чиста енергија за чист воздух" – водичот беше доставен до релевантните институции во текот на месец мај, поради неможноста за посета на истите во предходниот месец, како и откажување на Завршниот настан во физичка форма на кој требаше да се поделат Водичите и реализирање на настанот во дигитална форма.

**Активност А4** - *Спроведување на настава со часови за намалување на аерозагадувањето преку подобрување на ЕЕ и користење на ОИЕ во три средни училиштата во СПР* - со прогласувањето на вонредната состојба и прекинот на наставата во сите образовни институции, беа прекинати предвидените обуки со за кои проектиниот тим имаше закажани дати во средните училишта во текот месец март. Поради ново настанатата ситуација, во континуирана комуникација со предметните наставници и директорите на мапираните средни училишта, одкако се воспоставија процесите за изведување на онлајн настава активности, по добиената согласност за одржување онлајн обуки, во средното училиште Шаип Јусуф организиравме онлајн обука преку ZOOM платформата на 09.04.2020; со средното училиште "Здравко Цветковски" имаме закажана обука на 16.04.2020, а во средното училиште "Михајло Пупин" реализација на обуката беше одржана на 21.04.2020. Поради природата на реализација на активноста, проектниот тим како документ не можеше да обезбеди листи на присутност на учениците, но имаме доказ за присутноста на истите преку листа на учесници на ZOOM платформата.

**Активност А5** - Спроведување на кампања „Чиста енергија за чист воздух" со користење на инструментите на дигиталниот маркетинг – поради временското доцнење на споменатите активности на

проектот А4 и А6, спроведувањето на маркетинг кампањата исто така беше пролонгирана до завршувањето на проектните активности (јуни 2020). Оваа импликација немаше никакво влијание на резултатите од истата.

**Активност А6 -** *Организација на завршен настан* - согласно добиените инструкции за одржување на Завршниот настан во рамки на проектот кој според временската рамка на активности беше предвиден во во 6тиот месец (април) од имплементацијата на истиот, поради ситуацијата со Ковид-19 вирусот и отежнатата логистичка координација со сите засегнати чинители, со цел успешно завршување на проектните активности, навремена комуникација и квалитетно организирање на настанот, истиот беше организиран преку ZOOM платформата во месец мај, на 14.05.2020. За организирање на настанот беа почитувани сите протоколи на организација - беше изработена Агенда за истиот, беа испратени официјални покани до учесниците, беше подготвен и испратен Допис до медиуми за информирање за Настанот. Проектниот тим најми компанија за логистичка поддршка поради адаптацијата на истиот да се реализира во дигитална форма која исто така изработи видео материјал од Настанот со добиени изјави на клучните чинители. Поради природата на реализација на активноста, проектниот тим како документ не можеше да обезбеди листи на присутност на учениците, но имаме доказ за присутноста на истите преку листа на учесници на ZOOM платформата.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| Активност А2 – Спроведување на Тркалезна маса *„Состојби, предизвици и перспективи за решавање на проблемите со аерозагадувањето во СПР - Предлози"* | 34 | 1 одржан настан – Тркалезна маса<br>1 одржан прес за настанот – Тркалезна маса<br>Над 20 публикувани објави во ТВ, веб сајтови на медиуми, портали, веб страници на таргет општините, веб сајт на организацијата имплементатор за овој настан | 15 (*Листата на објави со линк и публикациите од медиуми и портали е испратена како Анекс заедно со Финалниот извештај)* |
| Активност А3: Изработката на Водич „Чиста енергија за чист воздух" | / | 1 објавена публикација на македонски и албански јазик<br>Во 150 примероци (100 на македонски и 50 на албански јазик) | / |
| Активност А4: Спроведување на настава со часови за намалување на аерозагадувањето преку подобрување на ЕЕ и користење на ОИЕ во три средни училиштата во СПР. | 3 одржани обуки – 10-15 ученици присутни заедно со предметен наставник и експерт | 1 изработена презентација од консултантот за животна средина;<br>1 видео материјал од одржана обука преку ZOOM платформата;<br>дигитална листа на учесници на обуките | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | за животна средина по училиште | од трите средни училишта | |
| Активност А6 - Организација на завршен настан | 23 учесници | / | / |
| Објави на веб страницата на организацијата<br>Објави на социјални медиуми на организацијата<br>Објава во Е-билтен | / | 7 објави на веб страница (www.ceprosard.org.mk)<br>20 објави на Facebook фан страница<br>2 објави во Е-билтен на организацијата | / |

## 6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот

Проектниот тим успешно ги реализираше целите на проектот и оствари продуктивна соработка во текот на проектната имплементација. Со потпишувањето на Меморандуиме за соработка, се развија идеи и можности за пренос на активностите и во другите средни училишта на територијата на Скопскиот Плански Регион, како и во останатите 7 плански региони во републиката. Со вмрежувањето на чинителите се отворија можности за соработка помеѓу бизнис секторот кој работи во овој домен на иновативни продукти за заштита на животната средина, поконкретно амбиенталниот воздух и локалната самоуправа, со цел изнаоѓање на можности и олеснување на достапноста на овие продукти до поширокото население, како и можности за модификација на законските и подзаконските акти во иднина со цел овозможување на одредени бенефити на образовните институции во делот на енергетската ефикасност на објекти. Одржливоста на проектот можеме да ја пронајдеме и во преносот на знаењата на експертите во оваа област и можностите за репликација на едукацијата во образовните институции на територија на републиката.

## 7. Финансиски извештај

| Структура на трошоци | Доделени средства (според Буџетот на Предлог-проектот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **I. Вработени (вкупно)** | **297.575,33** | **297.576,00** | Од Јануари 2020 сумата на платата на проектниот координатор покрива дел од вкупната сума на вработениот |
| Плати | 196.158,77 | 196.158,77 | |
| Придонеси и даноци од плати | 101.416,56 | 101.416,56 | |
| Надоместоци и хонорари | 0,00 | 0,00 | |
| Придонеси и даноци од надоместоци и од хонорари | 0,00 | 0,00 | |
| **II. Патни трошоци (вкупно)** | **1.709,77** | **1.700,00** | |
| Транспорт | 1.709,77 | 1.700,00 | |
| Хотелско сместување | 0,00 | 0,00 | |
| Дневници | 0,00 | 0,00 | |
| **III. Опрема (вкупно)** | **0,00** | **0,00** | |
| ИТ - опрема | 0,00 | 0,00 | |
| Мебел | 0,00 | 0,00 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Друга опрема (специфицирај) | 0,00 | 0,00 | |
| **IV. Канцелариски материјали (вкупно)** | **2.120,00** | **1.976,00** | |
| Канцелариски материјали | 2.120,00 | 1.976,00 | |
| Други трошоци (специфицирај) | 0,00 | 0,00 | |
| **V. Други директни трошоци (вкупно)** | **2.120,00** | **4.000,00** | |
| Трошоци за комуникација<br>Интернет | 2.120,00<br>0,00 | 2,000.00<br>0,00 | |
| Банкарски провизии | 0,00 | 2,200.00 | |
| **VI. Индиректни трошоци (вкупно)** | **18.020,00** | **18.020,00** | |
| Користење канцеларија | 18.020,00 | 18.020,00 | |
| Други индиректни трошоци (специфицирај) | 0,00 | 0,00 | |
| **VII. Специфични трошоци поврзани со програмата (вкупно)** - *искористете ги овие ставки и, доколку е потребно, додадете детали или ставки што се релевантни за вашата програма* | **314.820,00** | **309.401,00** | |
| Договори за услуги | 159.000,00 | 157.800,00 | |
| Изнајмување простории за организирање настани | 31.800,00 | 31.800,00 | |
| Публикации | 85.860,00 | 85.801,00 | |
| Конференции и работилници | 0,00 | 0,00 | |
| Комуникациски продукти | 38.160,00 | 34.000,00 | |
| **Вкупни трошоци (I+II+III+IV+V+VI+VII)** | **636.365,10** | **632.673,00** | |

## 8. Документација
(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

Согласно член 11 став 3 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

I. **Вработени**
   - Договор за вработување и одлука за распределба на проект
   - 6 Исплатни листи (октомври 2019 – мај 2020)
   - 6 Изводи за исплата на плата (октомври 2019 – мај 2020)
   - 6 Time Sheets проектен координатор (октомври 2019 – мај 2020)

II. **Патни трошоци**
   - 1 Табела за службени патувања – Car Log

- 22 Формулари за патни трошоци
- 1 Сметка за гориво
- 1 Банкарски извод

**IV. Канцелариски материјали**

- 1 Одлука за набавка на канцелариски материјали
- 3 Барања за понуда
- 3 Испратени е-маилови со барање за понуда
- 3 Добиени понуди
- 1 Извештај за избор
- 1 Фактура
- 1 Извод за плаќање канцелариски материјали

**V. Други директни трошоци**

- 1 Одлука за надомест на телефонски трошци
- 2 Сметки за надополнување на при-пејд број
- 2 Банкарски изводи
- 2 Изводи од Visa Debit картичка на проектот за плаќањето

- Изводи за банкарски провизии за одржување на сметка и картичка за потребите на проектот

**VI. Индиректни трошоци**

- 1 Договор за кирија
- 2 Фактури
- 2 Банкарски изводи за плаќање на деловен простор - кирија

**VII. Специфични трошоци поврзани со програмата**

➢ **Активност А1** – *Формирање на тим за реализација на проектот*

- Темплејт меморандум, темплејт PPT презентација и документ – Проектно резиме
- 1 Записник од Работна средба во општина Шуто Оризари (12.11.2019)
- 1 Записник од Работна средба во општина Карпош (20.11.2019)
- 1 Записник од Работна средба во општина Бутел (25.11.2019)
- 1 Документ - мапирани релевантни чинители на територија на СПР: институции и општини, средни училишта и граѓански организации од областа на животната средина
- 10 потпишани меморандуми за соработка со релевантни чинители

➢ **Активност А2** – Спроведување на Тркалезна маса *„Состојби, предизвици и перспективи за решавање на проблемите со аерозагадувањето во СПР - Предлози"*

- 1 Одлука за набавка на сала за одржување на настан со освежување
- 3 Барања за понуди
- 2 Добиени понуди
- 1 Извештај за избор
- 1 Фактура
- 1 Банкарски извод за плаќање
- 1 Список на учесници – вкупно 34 учесници на Тркалезната маса;
- 1 Објава до Медиуми;
- 1 Агенда за Тркалезна Маса;
- 1 Покана за Тркалезна Маса;
- 1 Записник (MoM) од Тркалезната маса;
- 1 Документ со фотографии од настанот;
- 15 Медиумски објави од локални и национални медиуми за Тркалезната маса;

➢ **Активност А3** - *Изработката на Водич „Чиста енергија за чист воздух"*

*Содржина на Водич – консултант за животна средина*
- 1 Одлука за набавка на консултант за животна средина
- 1 Објава на повик на веб страница
- 2 Добиени понуди од консултанти (е-маил, финансиска понуда, CV)
- 1 Извештај за Избор на консултат од животна средина
- 1 Договор со консултант за животна средина
- 1 Извод од плаќање

*Дизајн на Водич*
- 1 Одлука за набавка на консултант за дизајн на Водич
- 1 Објава на повик на веб страница
- 2 Добиени понуди од консултанти (е-маил, финансиска понуда, CV)
- 1 Извештај за Избор на консултат од животна средина
- 1 Договор со консултант за животна средина
- 1 Извод од плаќање

*Печатење на Водич*
- 1 Одлука за набавка на компанија за печатење на Водич
- 3 Барања за понуда со спецификација
- 3 испратени е-маилови за добивање на понуда
- 2 Добиени понуди од компании
- 1 Извештај за Избор на компанија за печатење на Водич
- 1 Фактура за печатење на водич
- 1 Извод од плаќање
- Документи за достава – Потврда за достава на Водич до релевантни чинители
- 2 Примероци од публикуваниот Водич – македонска и албанска верзија

➢ **Активност А4 -** Спроведување на настава со часови за намалување на аерозагадувањето преку подобрување на ЕЕ и користење на ОИЕ во три средни училиштата во СПР
- *Презентација од консултант за животна средина*
- *Фотографии од ZOOM платформата со учесници – предметни професори и ученици присутни на обуките*
- *Видео материјал снимка од ZOOM одржана обука*

➢ **Активност А5** - Спроведување на кампања „Чиста енергија за чист воздух" со користење на инструментите на дигиталниот маркетинг
- 1 Одлука за набавка
- 1 ToR
- 1 Објава на веб страница за повик за маркетинг консултант
- 3 Пристигнати понуди
- 1 Извештај за избор
- 1 Договор
- 1 Документ – Маркетинг план
- Изработена содржина за социјални медиуми – интерактивен материјал за социјални медиуми

➢ **Активност А6 -** *Организација на завршен настан*
- 1 Одлука за набавка на компанија за организирање и техничка поддршка на Дигитален Завршен настан
- 3 Барања за понуда со спецификација
- 3 испратени е-маилови за добивање на понуда
- 3 Добиени понуди од компании
- 1 Извештај за Избор на компанија за организирање и техничка поддршка на Дигитален Завршен настан
- 1 Фактура
- 1 Извод од плаќање
- 1 Видео материјал од Завршниот Настан

Светлана Петровска, извршен директор - ЦеПроСАРД

Скопје, 30.06. 2020 год.

(Место) (датум)

Име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

М.П.

(Потпис)